Јавно претпријатие за извршување на водостопанска дејност
Хидросистем Злетовица-Пробиштип
Бр. 02-411/31
13. 06 2023 год.

Врз основа на член 21 став 3 и член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19 и 14/20), член 14 став 2, член 22 и член 23 од Законот за работните односи и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-6267/2 од 25.05.2023 година, в.д. Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

## ОДЛУКА
### за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2023 за вработување на 1 (еден) извршител на определено време до 31.12.2023 година во ЈП ХС Злетовица - Пробиштип

**Член 1**

1. По Јавниот оглас број 01/023 објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Слободен печат" на 01.06.2023 година, во "Коха" на 02.06.2023 година и на веб страната на јавното претпријатие и Агенцијата за вработување на РСМ, за вработување на 1 (еден) извршител на определено време до 31.12.2023 година, се изврши следниов избор:

- За работното место **Виш соработник за финансии**, со шифра КДР 01 02 В02 052 се избира кандидатот:

  - **Љубица Тодосова од Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог одлука за избор по Јавен оглас бр.01/2023.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на определено време до 31.12.2023 година на работното место за кое беше распишан јавниот оглас, по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе биде известен пријавениот кандидат.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип и на огласна табла на јавното претпријатие.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 01.06.2023 година во дневните весници "Нова Македонија"и "Слободен печат", на 02.06.2023 во дневниот весник "Коха" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ, објавен е Јавен оглас бр.01/2023 за вработување на определено време до 31.12.2023 година на 1 (еден) извршител во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип на работно место Виш соработник за финансии, со шифра КДР 01 02 В02 052.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на определено време до 31.12.2023 година на 1 (еден) извршител во ЈП ХС Злетовица – Пробиштип на работно место Виш соработник за финансии, по пат на јавен оглас бр.01/2023, формирана од в.д. Директорот со решение бр.04-411/8 од 01.06.2023 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-411/26 од 12.06.2023 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат, за кое состави записник бр.04-411/29 од 13.06.2023 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот односно единствениот кандидат по Јавниот оглас бр.01/2023.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлука за избор по Јавниот оглас бр.01/2023, в.д. Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип.

Пробиштип
13.06.2023

ЈП ХС Злетовица
в.д. Директор
Љупчо Благоевски